**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Македонски јазик за VIII одделение

**Скопје, 2025 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јазик и комуникација<br>• Литература, творење и изразување<br>• Медиумска писменост |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека, медиотека.<br>Забелешка: Доколку наставата е кабинетска се препорачува организирање на драмско катче, уметничко-литературно катче, новинарско катче, место за библиотека во училницата. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик во VIII одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и култура VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост**

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I -A.7 | да ги идентификува најзначајните автори и дела од литературата на мајчин јазик; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |

| | |
|---|---|
| I-A.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи во предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти; |
| I-Б.5 | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење; |
| I-Б.6 | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети); |
| I-Б.7 | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура Техника, технологија и претпримништво** и **Уметничко изразување и култура**.

**Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| IV-A.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |

| | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-A.3 | да користи различни начини на огранизирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-A.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци; |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| I-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитетот на дигиталните продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичка знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-А.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка); |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |

| | |
|---|---|
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |

| | |
|---|---|
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**Општество и демократска култура***:*

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес. |

**Техника, технологија и претпримништво**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VII-А.2 | да ја објасни потребата од иновации за развојот на општеството; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VII-Б.3 | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

**Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |

| | |
|---|---|
| VIII-А.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| VIII-А.9 | да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Подрачје:** ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***

**Вкупно часови: 67 часа**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на:

1. да го идентификува македонскиот јазик како посебен во однос на другите јужнословенски јазици;
2. да ги наведува македонските интелектуалци и учебникари и да го објаснува нивното значење за развојот на македонскиот јазик;
3. да препознава, посочува и образува акцентски целости;
4. да препознава и образува нелични глаголски форми (глаголска именка и глаголска придавка);
5. да препознава и да образува сложени глаголски форми (предминато време, минато – идно време и идно прекажано време), употребувајќи ги нивните основни значења;
6. да образува глаголски форми за можен начин и да го објаснува нивното значење со соодветни примери;
7. да образува и да применува во соодветен контекст конструкции со *сум* и со *има*;
8. да ги издвојува, определува и илустрира неопходните и второстепените реченични членови;
9. да разликува и да составува безлични реченици во соодветен контекст;
10. да ја наведе и да ја покаже со примери употребата и улогата на секој вид неменливи зборови;

| | |
|---|---|
| 11. да ги идентификува и да ги објаснува односите на дел-рečениците и правилно да ја употребува запирката во независносложените реченици;<br>12. да го толкува значењето на домашните и туѓите зборови и правилно да ги употребува во контекст;<br>13. да чита со разбирање посложени и подолги текстови и да чита и толкува нелинеарни текстови. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **Наука за јазикот**<br>• Македонскиот јазик во семејството на словенските и јужнословенските јазици (прасловенски/општословенски јазик, словенски јазици, источнословенски јазици, западнословенски јазици, јужнословенски јазици) | • Го толкува поимот „прајазик“ во контекст на зедничкиот историски развој на јазиците што му припаѓаат на едно јазично семејство.<br>• Го наведува семејството на јазици во кои спаѓа македонскиот јазик.<br>• Ги поврзува групите словенски јазици со народите кои ги зборуваат. |
| **Историски развој на македонскиот јазик**<br>• Македонскиот јазик во XIX век (првите македонски писатели, религиозни книги, македонски народен јазик – северномакедонски говори на црковнословенска основа, западномакедонски говори на црковнословенска основа, турцизми, учебникари, буквари, читанки, граматика, К. Шапкарев, Партениј Зографски, Ј.Х.К-Џинот, Рајко Жинзифов, Глигор Прличев, Константин Миладинов; македонисти, одделен македонски јазик Ѓ. Пулевски, списание „Лоза“, Крсте Петков Мисирков**)** | • Ги набројува главните особеностите на јазикот на македонските писатели од XIX век.<br>• Го објаснува значењето на македонските учебникари (Ѓорѓија Пулевски, Партенија Зографски, Јордан Хаџи Константинов-Џинот) и нивните јазични гледишта.<br>• Ги споредува ставовите на учебникарите за избор на стандарден јазик.<br>• Ја согледува важноста на јазикот на македонските културнии дејци од XIX век во развојот на стандардниот јазик. |
| **Фонетика и правописни правила засновани на фонетски промени кај согласките**<br>Согласни групи<br>• Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање | • Правилно ги пишува и изговара согласните групи (-)мн- и (-)вн- и наведува примери со нив.<br>• Правилно ги пишува и изговара согласните групи (-)шт- и (-)жд- и наведува примери со нив.<br>• Правилно ги пишува и изговара согласките т, д меѓу з и р, ж и р, с и р. |

| | |
|---|---|
| • Акцентски целости (акцентоген збор и неакцентоген збор, акцентски целости од два полнозначни збора, енклитика, проклитика, акцентски целости со проклитика, акцентски целости со енклитика) | • Правилно ги пишува и изговара согласките во непосреден допир и наведува примери со нив (удвојување - удвоено м, удвоено ј, удвоено в, удвоено л, удвоено п, удвоено р, удвоено т.<br>• Ја идентификува гласовната промена испуштање на согласките во непосреден допир и наведува примери за неа.<br>• Правилно ги изговара и пишува согласките д и т, во согласните групи: -здј->зј, -ждн->жн, -стј->сј, -стн->сн,- штн->шн,-стт- >ст.<br>• Ги идентификува акцентските целости од два полнозначни збора, акцентски целости со проклитика, акцентски целости со енклитика.<br>• Правилно акцентира и бележи со акцентен знак, акцентски целости од два полнозначни збора, акцентски целости со проклитика, акцентски целости со енклитика.<br>• Чита акцентски целости во текст и употребува акцентски целости во секојдневното општење. |
| **Морфологија**<br>• Придавки - заменски придавки, бројни придавки (заменски придавки – присвојни, количествени, квалитативни, прашални, општи, неопределени; бројни придавки (однос на лица, предмети и поими по ред и умноженост)<br>• Нелични глаголски форми: глаголска именка и глаголска придавка<br>(глаголска придавка – образување и двојни форми, глаголска именка – образување) | • Ги споредува броевите и сообразните бројни придавки и го објаснува начинот на образување на формите на бројните придавки.<br>• Посочува примери/реченични контексти за употреба на бројните придавки.<br>• Ја објаснува разликата помеѓу заменките и заменските придавки и посочува примери за нивната самостојна (на заменките), т.е. несамостојна (на придавките) употреба.<br>• Го објаснува начинот на образување на глаголската именка и глаголската придавка.<br>• Ги толкува граматичките значења (граматичките категории) на глаголската именка и глаголската придавка и нивната употреба во реченица.<br>• Ги идентификува неличните глаголски форми: глаголска именка и глаголска придавка во реченица/текст. |

| | |
|---|---|
| • Граматичката категорија *начин* кај глаголите: (исказен начин; можен начин)<br><br>Неменливи зборови<br>• Сврзници<br>• Предлози<br>• Извици<br>• Честички<br>• Модални зборови и модални изрази | • Образува нелични глаголски форми: глаголска именка и глаголска придавка.<br>• Ги истакнува сличностите и разликите помеѓу глаголските именки и именките, помеѓу глаголските придавки и придавките.<br>• Наведува примери за употребата на глаголската именка и глаголска придавка во реченица.<br><br>• Препознава реченици со исказен начин и со можен начин.<br>• Го толкува исказниот начин како неутрален исказ, неутрално соопштение за некое дејство или состојба.<br>• Препознава исказен начин според контекстот на реченицата.<br>• Посочува реченици со неутрален став (исказен начин) и со личен став (можен начин).<br>• Препознава и  образува глаголски форми за можен начин.<br>• Го објасни значењето на глаголската форма за можен начин и  го илустрира со соодветни примери.<br><br>• Ги препознава видовите неменливи зборови и ја разбира нивната комуникациската важност.Ги препознава сврзниците според нивната структура.<br>• Употребува прости и сложени сврзници при составување реченици.<br>• Ги користи предлозите и ја препознава нивната  употреба во реченицата.<br>• Ја препознава употребата на извиците во реченицата и соодветно ги користи.<br>• Ја препознава употребата на честичките во речениците и во некои граматички форми.<br>• Ги препознава и ги употребува модалните зборови и модалните изрази во усна и писмена комуникација. |

| | |
|---|---|
| Сложени глаголски форми<br><br>• Предминато време<br>(помошниот глагол сум во форма за минато определено несвршено време и глаголската л-форма)<br><br>• Минато-идно време<br>• Идно прекажано време<br>(основно значење и образување)<br><br>• Глаголски конструкции со **сум и** со **има и** глаголски конструкции со **има/нема**<br>(глагол **сум**, глагол **има**,  глаголска придавка) | • Објаснува дека модалните зборови и извиците не се дел од синтаксичката структура на реченицата, т.е. дека не се реченични членови (функции).<br><br>• Разликува сложени глаголски форми.<br>• Препознава глаголски форми за предминато време.<br>• Образува глаголски форми на предминато време и може да го објасни образувањето на глаголските форми за предминато време.<br>• Правилно ги употребува (писмено и усно) формите за предминато време.<br>• Образува форми за минато-идно време и за неговото одречно значење.<br>• Посочува  примери за минато-идно време за неговото основно значење.<br>• Препознава  глаголски форми на идно прекажано време.<br>• Правилно  ги употребува (писмено и усно)  формите за минато-идно и идно прекажано време.<br>• Ги идентификува сличностите и разликите на идните времиња во реченица (текст) и објаснува што е заедничко за овие глаголски форми, преку споредување на нивните значења.<br><br>• Прави разлика меѓу **сум**- и **има-**конструкцијата.<br>• Образува конструкции со **сум** и со **има**.<br>• Правилно и соодветно ги употребуваа овие конструкции во усното и писменото изразување. |
| **Синтакса**<br>• Предмет -удвојување на предметот<br>(директен и индиректен удвоен предмет, заменски форми, предлошки предмет) | • Го препознава удвоениот предмет и го објаснува во пример.<br>• Ја препознава удвоеноста на директниот и на индиректниот предмет.<br>• Го разликува предлошкиот предмет од другите видови предмет. |

| | |
|---|---|
| • Второстепени реченични членови - апозиција и атрибут<br>(атрибут и апозиција)<br><br>• Безлични реченици<br>(безлични реченици со безлични глаголи, безлични реченици за истакнување физиолошки и психички состојби)<br><br>• Структура на сложената реченица<br>(сложена реченица, дел-реченица, зависносложена речeницииа, независносложена реченица)<br><br>• Видови независносложени реченици<br>(независносложена реченица; составна, спротивна, разделна, исклучна и заклучна) | • Ја објаснува разликата помеѓу предлошкиот предмет и прилошката определба.<br>• Го објаснува поимот *второстепени реченични членови* во контекст дека нивното отсуство не ја менува структурата на реченицата.<br>• Ги препознава атрибутот и апозицијата во реченица.<br>• Составува примери со атрибут и апозиција.<br><br>• Препознава и составува безлични реченици.<br><br>• Ја објаснува структурата на сложената реченица.<br>• Разликува дел-реченици во сложената реченица.<br>• Го препознава односот на дел-речениците во една сложена реченица, зависен и независен.<br>• Ги препознава и ги разликува независносложените реченици според значењето.<br>• Составува различни видови независносложени реченици, користејќи ги сврзниците и сврзничките состави, како и запирката во речениците. |
| **Лексика**<br>• Речничкиот состав на македонскиот јазик според потеклото на зборовите<br>(домашни зборови, туѓи зборови; црковнословенизми, интернационализми, англизми, турцизми, варваризми) | • Ги идентификува и ги толкува значењата на домашните и туѓите зборови во дадени примери.<br>• Составува примери во кои користи зборови од различно потекло на речничкиот состав на македонскиот јазик. |

| | |
|---|---|
| **Правописни правила**<br>• Запирката во простата реченица<br>(набројување, дополнување, нагласување, изделување)<br>• Запирката меѓу речениците во составот на независносложената реченица | • Правилно употребува запирка при пишување проста реченица (набројување, дополнување, нагласување, изделување).<br>• Правилно употребува запирка во независносложена реченица. |
| **Читање со разбирање**<br><br>• Читање со разбирање посложени и подолги текстови<br>• Читање и толкување посложени нелинеарни текстови | • Одговара на поставените прашања во врска со прочитан текст.<br>• Ги идентификува и наведува фактите, деталите и настаните претставени во даден литературен и нелитературен текст.<br>• Објаснуваат непознати зборови или фрази во даден текст според нивната употреба во контекстот.<br>• Извлекува клучни зборови од прочитан текст врз основа на кои го резимира текстот.<br>• Извлекува логички заклучоци врз основа на докази и информации дадени во текст.<br>• Прави предвидувања за тоа што би можело да се случи следно во текстот врз основа на сопственото разбирање на ликовите, заплетот и контекстот.<br>• Ги идентификува причинско-последичните односи во текстот и заклучува како настаните или дејствата влијаат едни на други.<br>• Поставува прашања за прочитан литературен или нелитературен текст за да може да го разбере и да извлече заклучоци за пораката или целта на авторот на текстот.<br>• Користи цитати, примери или детали како докази за поддршка на заклучоците што ги изведува во врска со прочитан текст.<br>• Чита и ги толкува посложени легенди, табели, графикони и други нелинеарни текстови. |
| **Примери на активности:**<br>• Учениците работат во мали групи. Наставникот им го поделува материјалот за читање на групите. Учениците ги читаат извадоците од делата на македонските писатели и просвитители од 19 век. Пример, се читаат кратки извадоци од 2-3 реченици | |

од „Слово заради завист“ од Јоаким Крчовски, од книгата „Огледало“ од Кирил Пејчиновиќ, извадок од „Предговорот“ кон книгата „Утешение грешним“ од Теодосиј Синаитски итн. Се дискутира за темата и содржината на извадоците, за јазикот на кој се напишани, се објаснуваат непознатите зборови и се изведуваат заклучоци коишто се запишуваат под секој извадок.

- На временска оска ги поставуваат македонските дејци од почетокот до крајот на 19 век. Учениците читаат кратки извадоци од творби и имаат задача да препознаат кој е авторот на извадокот според јазикот на кој се напишани. На пример, читаат извадоци од песните „Сираче“ и „Т’га за југ“, препознаваат дека се напишани на струшки говор од авторот Константин Миладинов. Потоа го означуваат авторот на временската оска. Постапка се повторува за сите извадоци и автори. На крајот учениците ги сумираат своите одговори поставени на временската оска поврзани со употребата на македонскиот јазик во 19 век.
- Учениците играат улоги „Кој сум јас?“, по претходна подготовка дадена како домашна задача од страна наставникот. Еден ученик игра одредена личност од 19 век (на пр. Ѓорѓија Пулевски, Партенија Зографски, Јордан Хаџи Константинов-Џинот итн.) без да им открие на другите ученици за кого станува збор, го презентира своето значење, дела и ставови за јазикот на кој пишува. Пример, исказите течат на следниот начин: *Мои дела се: „Речникот од четири јазика“ (1873), „Речникот од три јазика“(1875) во кој напишав: „Што се велит народ? – Народ се велит људи који се од еден род и који зборувајет еднаков збор и који живувајет и се другарат еден со други и који имејет једнакви обичаји и песни и весеља. Тие људите ји викајет народ, а место во које живуват народ се велит отчество од тој народ. Така и Македонците се народ и местово нивно је Македонија“; потоа, ја напишав стихозбирката „Македонска песнарка“(1879), која содржи три лични и повеќе народни песни; првата граматика на македонскиот народ „Слогница речовска“ (1880) и обемната и значајна историја „Славјано-македонска општа историја“(1892) и прирачник за учење на македонскиот јазик „Јазичница“. Јас се залагам за создавање на посебен македонски литературен јазик, одделен од бугарскиот...* Кој сум јас? Учениците погодуваат дека се работи за Ѓорѓија Пулевски. На истиот принцип се презентира за различни автори од 19 век. Учениците индивидуално ги запишуваат ставовите на учебникарите за изборот на стандарден јазик, дискутираат за истите според дадени насоки, правејќи конкретни споредби, ги запишуваат сличностите и разликите по однос на ставовите на учебникарите.
- Учениците работат во парови. Наставникот на секој пар му дава по еден работен лист. Паровите добиваат текст во кој има погрешно напишани зборови со одредени согласни групи или согласки. Пример, за согласните групи **мн** и **вн** може да го работат следниот текст: *Во племната беше дедовиот мнук. Тој ногу сакаше да си седи натре. Неговите ја имаа племната од давнина. Се наоѓаше блиску до гувното равно како тепсија. Мнукот ногу често си играше со оглавникот. Се криеше и девнеше дали некој ќе го пронајде. Толку се забораваше што понекогаш во зима не осеќаше дека нозете му ѕевнат од студ.* Учениците ги потцртуваат со црвена боја погрешно напишаните зборови во текстот притоа внимавајќи на согласните групи и правилно ги пишуваат. Сработеното го презентираат пред целата паралелка, образложувајќи го пишувањето и изговарањето на соодветната согласна група. Од текстот тоа се следните зборови: племната-плевната, мнук-внук, ногу-многу, натре-внатре, давнина-дамнина, гувното-гумното, равно-рамно, мнукот-внукот, оглавникот-огламникот, девнеше-демнеше, ѕевнат-ѕемнат.

  На истиот принцип може да се работат задачи со различни примери на зборови со согласки, согласни групи и согласки во непосреден допир кај кои има удвојување или испуштање на согласки.

- Учениците работат во групи. Секоја група добива текст со различни видови акцентски целости. Учениците го читаат текстот и ги обележуваат и акцентираат акцентските целости, а потоа ги подредуваат во табела која е поделена во три колони: акцентски целости од два полнозначни збора, акцентски целости со енклитика, акцентски целости со проклитика. Секоја група го презентира сработеното и дава повратна информација на прашањата од соучениците и од наставникот во врска со правилното акцентирање и бележење со акцентен знак.
- Учениците поделени во групи, добиваат краток текст во кој има бројни придавки и броеви. Го читаат и во табела ги запишуваат бројните придавки во една колона, броевите во друга. Ја согледуваат разликата и ја коментираат нивната употреба. Пр: „Си беа **три** мачки: Уно, Дуа и Трес. Тие живееја на улицата „Мачкина“ во **осмата** куќа. Уно секогаш **прв** се будеше и застануваше, така голем, **четворен**, пред вратата со број **осум**, чекајќи појадок...“.
- Учениците добиваат работен лист со текст во кој има заменки и заменски придавки (со присвојно значење, со показно, квалитативно значење...). Наставникот им дава насоки прво да го прочитаат текстот, а потоа треба да ги изделат заменките од заменските придавки. Оние зборови кои не можат да се определат ги запишуваат во табелата под колоната ЗАМЕНКИ, оние што може да се определат ги ставаат во колоната ЗАМЕНСКИ ПРИДАВКИ. Пр: мој(от), јас, мене ме, наши(те)... Ја согледуваат разликата и ја коментираат нивната употреба. Од издвоените примери заменски придавки, составуваат реченици и го коментираат нивното значење во реченичната ситуација, извлекувајќи заклучоци за значењето на заменските придавки.
- Учениците се делат во парови. Паровите меѓу себе си кажуваат по пет глаголи, задачата е глаголите да се запишат во тетратката и од нив да се изведат/образуваат глаголски именки и глаголски придавки. Потоа глаголските именки треба да се определат, односно да се членуваат, а глаголските придавки да се менуваат во форми по род, број и определеност. На крајот со помош на истите примери треба да состават и реченици. Од активноста се отвора дискусија: кои граматички категории ги имаа глаголските придавки и глаголските именки, кои се нивните сличности и разлики и како се образуваат. Заклучоците се запишуваат на таблата.
- Учениците се делат во групи од 4-5 ученици. Им се делат стикери на коишто се запишани примери со глаголи. Секоја група треба на стикерите да напише по една реченица во која ќе го означи ставот на говорителот кон глаголското дејство (можен или исказен начин - секоја група по еден начин). Откако ќе го направат тоа, секоја група треба да ги трансформира речениците со можен начин, во реченици со исказен начин и обратно. Потоа со учениците се дискутира за начинот на којшто е предадено глаголското дејство, кога употребуваме исказен, а кога заповеден, кога можен начин, и како се образуваат глаголските форми според категоријата начин. Учениците ги запишуваат правилата во своите тетратки.
- Учениците имаат картончиња – зелени и црвени. Еден ученик извлекува картичка со збор, останатите креваат црвено картонче ако тој е менлив, а зелено ако е неменлив. Наставничката/наставникот ги следи и дава насоки и објаснувања на оние ученици кои креваат погрешна боја на картончето.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива кутија во која има зборови. Задачата е да ги распоредат зборовите на листот кој има табела во која, во колони се запишани неменливите зборови. Групата која прва и точно ќе ја заврши задачата е победник и таа група го презентира сработено, останатите следат и ако има потреба прават корекции во своите табели.

- Учениците добиваат зборови напишани на ливче, на таблата има нацртано шест кутии, на секоја кутија е запишана по една зборовна група од неменливите зборови. Учениците треба да го стават зборот во зборовната група каде што мислат дека припаѓа. Потоа, кутија по кутија, се проверуваат сите зборови и се дискутира за нивната распределаба по соодветните зборовни групи.
- Учениците добиваат работни листови со неколку запишани извици. Потоа образуваат глаголи од следниве извици: шлап, беее, леле, оф, штрак, трас… На крајот учениците работат во парови, образувајќи реченици од образуваните глаголи и посочените извици. Неколку пара ги запишуваат примерите со реченици со извици на таблата, наставникот ги слуша нивните одговори и заедно со останатите ученици ја коментираат нивната употреба.
- Учениците добиваат задача од наставникот да состават реченици во кои ќе употребат модални зборови или модални изрази во кои се искажува: увереност, тврдење, претпоставка... Составените реченици, учениците ги запишуваат на таблата образложувајќи го личниот став на говорителот кон она што го соопштува. Како мотивација за составување на речениците наставникот може да посочи реални ситуации, конкретни случки од училиштниот живот.
- Учениците се делат во четири групи, секоја група добива по пет сврзници. Две групи составуваат сложени реченици во кои сврзниците ќе им ги поврзуваат дел-речениците. Другите две групи користат сврзници кои во рамките на реченицата ќе поврзуваат два збора. Се читаат речениците и се извлекуваат и се запишуваат заклучоците со помош на наставникот за функцијата на сврзниците при составувањето реченици.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива лист на кој има стрип како графички организатор со чија помош треба да се претстави разговорот на двајца. Во празните облачиња треба да се напише што зборуваат. Задачата е дека едниот лик од стрипот знае некоја информација (којашто е запишана на листот) и треба да му ја прекаже на другиот лик и притоа да користи идно - прекажано време. Пример, информацијата: „Ана ќе оди на зимување во Крушево“. Првиот лик вели: „Сестра ми  ми кажа дека **ќе си одела** на зимување во Крушево“.
- Двајца ученици излегуваат на табла и играат улоги,  претставуват две баби  кои седат пред порта и тивко разговараат. Потоа учениците влечат лист од претходно подготвена кутија каде има напишано реченици во идно или во минато-идно време. Првата „баба“ ја чита реченицата и треба да ја трансформира во идно прекажано време со тоа што ќе ја одглуми пред останатите ученици како да ѝ ја прекажува на другата „баба“. Втората „баба“ пак, го негира прекажаното, користејќи го истото време. Потоа си ги сменуваат улогите. Пример: *Утре **ќе прават** свадба. – Утре **ќе правеле** свадба! – Како **не ќе правеле**! Го чекавме Андреј, **ќе одевме** на забава. – Го чекале Андреј, **ќе оделе** на забава. – Како **не ќе оделе**.*
- Секој ученик добива по една лента со реченица. Во зададените примери стои барањето дека треба да се трансформираат  дадени примери во реченици што содржат предминато време. Пример: *Штотуку ја зело книгата, вратата се затворила*.
  - *Штотуку ја **беше зело** книгата, вратата **се беше затворила***. Лентите со реченици се поставуваат на таблата, се читаат речениците, коментирајќи го значењето на глаголското дејство и во кои случаи се употребува.

- Учениците добиваат наставен лист во кој има реченици напишани во предминато време. Задачата е да ги препишат, употребувајќи ги *сум* и *има- конструкциите.* Пример: *Искористив некои копчиња што ги* **бев присобрала**. *Искористив некои копчиња што ги* **имав присобрано**. *Ние* **бевме заспале** *пред да се случи тоа*. *Ние* **бевме заспани** *пред да се случи тоа*.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист во кој се бара учениците да ги подвлечат глаголските конструкци со *има* и да ја определат структурата на глаголската конструкција. На пример во текстот: *„Којзнае колку лошо го има удрено студот, си мислам. Може право в срце го има удрено. – Сите пари што му ги имаа испратено ги имаше потрошено, па мораше да позајмува од други. – Сите се имаа фатено за рамо, ја имаа исполнето целата ширина на улицата...“* Сработеното се презентира пред целата паралелка, извлекувајќи ги заклучоците за структурата на *сум и има - конструкциите*.
- Учениците работат во мали групи. Групите добиваат текст со реченици во кои има употребено форми за директен и индиректен предмет. Секоја група треба да ги употребат формите за удвојување на соодветниот предмет на посочените празни места. Пример: *За тебе ---------- купив подарокот. Таа ------------ стави тетратките во чантата. ------------ кажав на брат ми за слабата оценка на писмената. Ним ----------- должам за мојот голем успех.* Во табела ги внесуваат кратките и долгите заменски форми за директен и индиректен предмет. Потоа групите добиваат задача да составаат примери во кои предметот ќе се врзува за прирокот со предлог (предлошки предмет), користејќи ги долгите заменски форми од личните заменки. Пример: *Вчера те видов со него. Тие разговараа за неа. Бевме на забавата со нив.* На крајот учениците треба да ги заменат долгите заменски форми од предлошкиот предмет со некој друг збор (на пример, именка). Пример: *Вчера те видов со Бојан. Тие разговараа за сосетката. Бевме на забавата со другарите.* Секоја група ги презентира одговорите на барањата пред останатите групи и дава образложение за истите во врска со нивната примена.
- Учениците работат во мали групи. Групите добиваат неколку реченици во кои треба да ги дополнат употребените именките од гледна точка на некоја нивна особина, со придавка или именка (со предлог) кои ја вршат функцијата на атрибут. Пример: *Емилија прави торта. Вредната Емилија прави вкусна торта/со чоколаден вкус.* Истата реченица може да се дополни со повеќе атрибути. Пример: *Добрата, вредна, паметна Емилија прави вкусна, чоколадна торта.*
- Учениците работат во мали групи. Секоја група добива примери со реченици во кои треба да го потцртаат делот во реченицата кој го кажува и надополнува значењето на зборот на којшто се однесува, односно да ја потцртаат апозицијата. Пример: *Ивана, мојата најдобра другарка, ги чува сите мои тајни. Во лето со моите родители ќе заминеме во Париз, градот на светлината.* Групите си ги разменуваат работните задачи, го читаат и го проверуваат сработеното од другата група, па потоа заедно дискутираат за зададените примери, давајќи им предлози за други примери за апозиција.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива текст во кој треба да ги потцртаат речениците кај кои прирокот не отвора место за подмет, т.е. не се кажува кој го врши дејството означено со глаголската форма. Потоа во истиот текст треба да ги потцртаат безличните реченици образувани со безлични глаголи (грми, сека, се стемнува) и безличните реченици за истакнување физиолошки и психички состојби (ме мрзи, ме боли). Секоја група ги запишува на таблата примерите со безлични реченици и го коментира значењето на истите.
- Учениците работат во парови. Секој пар добива работен лист на којшто се запишани неколку прости реченици и имаат задача да ги поврзат простите во сложени реченици.Пример.; *1. Марија ги бараше новите патики. / Не ги најде. Марија ги бараше новите*

*патики, но не ги најде. 2. Кучето скокна од радост. / Го слушна гласот на Марко. Кучето скокна од радост кога го слушна гласот на Марко.* Потоа добиените сложени реченици ги делат на дел-реченици. Се дискутира за односот на дел-речениците во сложените реченици, дали е независен или зависен и се објаснува зошто.

- Учениците работат во мали групи. Секоја група треба да состави по еден вид независносложена реченица со секој од сврзниците. Потоа имаат задача од зададени две прости реченици да состават што повеќе видови независносложени реченици, употребувајќи различни сврзници. Откако ќе ја состават независносложената реченица, треба да напишат каква е (составна независносложена, спротивна независносложена …), кога и зошто се пишува запирка кај соодветната реченица.
  *Пр. Болна сум. Не доаѓам на излет.*
  *Болна сум и не доаѓам на излет. (составна независносложена реченица)*
  *Болна сум, сигурно не доаѓам на излет. (заклучна независносложена реченица)*
  *Не сум болна, но не доаѓам на излет. (спротивна независносложена реченица)*
  *Не сум болна, само што не доаѓам на излет. (исклучна независносложена реченица)*
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен лист во кој има дадено речник со зборови. Задачата е да се состави краток текст во кој ќе се употребат сите зборови. Потоа групите имаат задача од текстот што го составиле со дадените зборови од речникот да ги заменат со синоними. Пример: кадија – судија, сењора – госпоѓа, инфилтриран – вметнат... Сработеното го поставуваат на пано или листовите ги лепат на таблата за да ги согледаат значењата на зборовите во различен контекст.
- Учениците добиваат наставно ливче на кое се запишани правописните правила за интерпункцискиот знак *запирка*. Подолу во листот се запишани реченици во кои не е употребена запирката. Учениците имаат задача да ја употребат запирката онаму каде што мислат дека треба да стои, консултирајќи ги горенаведените правописни правила. Наставникот на таблата ги запишува точните одговори и заедно со учениците се коментираат нивните одговори од листовите во споредба со посочените правописни правила.
- Учениците се поделени во групи, секоја група добива прости реченици и сврзници кои се употребуваат кај независносложените реченици. Имаат задача да состават реченици, но да внимаваат при употребата на запирката во согласност со правилата за употреба запирката меѓу речениците во составот на независносложената реченица.
- Учениците се делат во групи. Секоја од групите добива ист текст со непозната содржина. Текстот може да е новинарски. Врз основа на содржината, по пат на сумирање на информациите, откриваат скриени информации. Ги користат основните прашања за детектирање текст: кој, што, кога, како, зошто. Потоа го делат текстот на пасуси и ги изделуваат основните информации. Основните информации ги поврзуваат и ја добиваат општата слика за значењето на текстот и претставените информации, односно полека да ги откријат и информациите кои не се претставени како факти. Групата што ќе ги открие сите скриени информации е победник.
- Учениците добиваат текст со историска содржина. Го читаат и имаат задача да ги извлечат аргументите што се искажани од авторот. Потоа, врз основа на аргументите донесуваат заклучоци за периодот за којшто се зборува во текстот. Пример, во текстот се дадени информации за општествено-политичките прилики во Македонија за време на Отоманската империја и за положбата

на жената во тоа време. Учениците извлекуваат аргументи, докази, цитати и создаваат свои ставови поврзани со прочитаното кои ги презентираат во одделението..

- Учениците се поделени во мали групи. Секоја група добиваа по еден апстракт од текст поврзан со материјал од наставните предмети што ги учат. Пример, добиваат текст во кој се претставени содржини и поими од некоја тема од Биологија (Екологија - одржливост на еко-системот). Го читаат текстот самостојно и потоа идентификуваат клучни зборови и клучни зборовни изрази. Се обидуваат со помош на клучните зборови и изрази да ја претстават темата пред сите.
- Учениците работат во групи. Добиваат текст од некој блог. Имаат задача да разговараат за прочитаното и на еден лист да ги изделат важните поенти од текстот. Учениците потребно е да го читаат текстот критички и да ја проверат неговата релевантност, анализирајќи ги графиконите, табелите и дијаграмите претставени заедно со текстуалниот дел. За претставените информации одговараат на прашања подготвени од страна на наставникот. Заеднички ја проверуваат точноста на информациите претставени во форма на цитати, детали како докази и други примери како поддршка на заклучоците за прочитаниот текст.
- Учениците добиваат наставен лист од некоја книга, пример, *Хоби*т, од каде е ископирана мапа. На часот, во групи се разгледува мапата. Претходно е подготвен краток текст во кој има во кратки црти раскажано дел од содржината на книгата во која се споменети топонимите во мапата. Учениците треба да ги пронајдат и да покажат како се движела дружината. Секоја група го презентира сработеното.
- Учениците работат во парови. Секој пар чита по еден текст. Потоа со техниката *Коцка* одговараат на неколку барања поврзани со содржината на текстот: опиши, спореди, асоцирај, анализирај, примени, аргументирај за или против. Секој пар го презентира сработеното, наставникот и останатите ученици даваат повратна информација за изведените заклучоци.

**Подрачје:** ***ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***

**Вкупно часови: 67 часа**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на:

1. да наведува: собирачи на народни умотворби, зборници и видови творби застапени во зборниците.
2. да разликува љубовна поезија според мотив;
3. да разликува стилски изразни средства (рима според бројот на слоговите, анафора, епифора, метафора, видови метафора: именска и глаголска, парономазија).
4. да ги опишува карактеристиките на фантастичниот расказ и да разликува според содржината фантастичен роман и детективски роман.
5. да ги објаснува разликите меѓу автор и раскажувач, автор и лик, лик раскажувач, видови раскажувачи (јас и тој раскажувач).
6. да воочува етапи на драмско дејство и го изделува конфликтот во драмскиот текст.
7. да интерпретира делови или цели литературни дела: поетски, прозни и драмски.

8. да пишува текстови со практична примена; да подготвува усно и писмено раскажување и прераскажување искуства; да подготвува говор на зададена или избрана тема, со план или без план.
9. да пишува есеј почитувајќи ги правилата за неговото пишување
10. да дебатира со аргументи на тема што му/ѝ е позната.

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

1. преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство;
2. читањето и изразувањето на македонски јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Народна литературата**<br>• Собирачката дејност на Миладиновци, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев<br>(собирачи, видови собрани творби, зборници) | • Ги наведува имињата на собирачите на народни умотворби.<br>• Наведува видови творби кои се сретнуваат во зборниците на народни умотворби.<br>• Го објаснува значењето на собирачите на народните умотворби за развојот на македонската литература. |
| **Лирика**<br>• Љубовна поезија<br>• Стилски изразни средства: рима според бројот на слоговите што ја сочинуваат, анафора, епифора, парономазија, метафора: именска и глаголска метафора. | • Парафразира и толкува содржина на стихови и изразени чувства и мисли од лирски субјект.<br>• Определува мотив и лирски субјект во песна.<br>• Одредува рима според бројот на слоговите што ја сочинуваат (машка, женска, дактилска, хипердактилска).<br>• Препознава стилски изразни средства во примери од песни (анафора, епифора, метафора:именска и глаголска метафора и парономазија).<br>• Анализира лирски песни според мотивот и стилското изразување. |
| **Епика во проза**<br>• Видови расказ според темата: Фантастичен расказ<br>• Роман; Видови роман според темата/содржината: фантастичен роман, детективски роман (должина/обем на раскажување, ликови, постапки, настани)<br>• Раскажувач: автор | • Препознава фантастичен расказ според темата, начинот на раскажување, ликовите, просторот и времето на одвивање на настанот.<br>• Ја објаснува темата на фантастичен роман.<br>• Ги открива и дискутира за карактеристиките на фантастичниот роман.<br>• Ја објаснува темата на детективски роман.<br>• Ги наведува карактеристиките на детективскиот роман.<br>• Интерпретира избрани цитати од литературен текст (фантастичен и детективски роман и фантастичен расказ), посочени или по избор според однапред зададени критериуми. |

| | |
|---|---|
| (разлики: автор-раскажувач-лик, лик -раскажувач, видови раскажувач) | • Разликува: автор од раскажувач, автор од лик, лик раскажувач и видови раскажувач (јас и тој раскажувач) во конкретни прозни текстови. |
| **Драма**<br>• Етапи во развојот на драмското дејство (експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет; драмски конфликт);<br>• Драмски видови: трагедија, комедија | • Ги објаснува спецификите на драмата како посебен литературен род.<br>• Го пронаоѓа драмскиот конфликт во читан драмски текст.<br>• Ги набројува и објаснува етапите на драмското дејство.<br>• Разликува комедија и трагедија од прочитани извадоци.<br>• Толкува избрани цитати од драмски текстови. |
| **Изразување и творење**<br>• Пишување текстови со практична примена:<br>писмо во електронска форма (начин на обраќање во ел. писмо, службено и приватно), барање/молба.<br>• Раскажување и прераскажување<br>• Составување говор<br>• Пишување есеј<br>(избирање наслов, поставување теза, структура на есеј -вовед или повикување во есејот преку клучното прашање за избраната тема; главен дел-опис на тезата, детали, поврзување на фактите и деталите со идеите; завршен дел-сумирање на главните поенти, завршна реченица со порака)<br>• Креативно пишување<br>• Дебатирање<br>(тема, двостраност, правила на дебатирање, аргументирање, модеатор, публика, цел) | • Составува електронско писмо со различни намени, формално и неформално.<br>• Составува молба/барање до официјално лице или институција.<br>• Раскажува и прераскажува свои и туѓи искуства.<br>• Составува излагање/говор, усно или писмено на избрана или зададена тема.<br>• Составува излагање/говор, усно или писмено според даден или самостојно изготвен план.<br>• Пишува есеј почитувајќи ги композициските правила за пишување есеј.<br>• Писмено се изразува (пишува есеј) за прочитан литературен текст изнесувајќи мислење поткрепено со цитати.<br>• Креативно пишува избирајќи мотив и форма на изразување (поетски или прозен текст, или драмски дијалог).<br>• Креативно се изразува усно и писмено користејќи изучени стилски изразни средства.<br>• Ги наведува карактеристиките на дебатата.<br>• Подготвува аргументи за дебата на зададена тема.<br>• Усно и писмено се изразува, почитувајќи ги правоговорните и правописните правила на македонскиот стандарден јазик. |
| **Примери на активности** | |

- Учениците се поделени во групи и разгледуваат зборници кои се подготвени од собирачите на македонскиот фолклор во 19 и во почетокот на 20 век. Прават анализа на содржината на зборниците, поделбата / класификацијата на творбите, ги согледуваат основните податоци во врска со издавањето на зборникот и авторот односно приредувачот. Секоја група го презентира својот зборник правејќи мал плакат од истото кој може да биде потсетник за учење во училницата.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група има задача да избере некоја од творбите од зборникот и да ја претстави на свој креативен начин: доколку е песна која има своја музичка варијанта /испеана варијанта, да ја испеат или да смислат кореографија за неа, може да ја претстават творбата  со драматизација независно дали е приказна или песна или пак ликовно да ја преточат содржината во цртеж. При презентацијата на својата работа, групите ги кажуваат карактеристиките за својата творба, дали е песна, приказна, анегдота... и го одредуваат мотивот во нив.
- Учениците работат самостојно. Читаат песна и работат според техниката *Три клуча и една брава*. Од учениците се бара да издвојат три клучни елементи од содржината кои ќе ги кажат со сопствени зборови, ќе ги парафразираат и тоа се трите клуча во техниката. Потоа се бара да се издвојат цитати од песната кои го потврдуваат кажаното, тоа е всушност бравата во техниката. По самостојно завршената работа се споделува напишаното и се изведуваат заклучоци за значењето на песната.
- Учениците ја читаат песната „Бисера“ од К. Миладинов. Имаат задача да определат мотив во песната и според истото да определат каква е песната, а потоа и да ги коментираат чувствата и мислите изразени од лирскиот субјект. За коментарите во однос на изразените мисли и чувства, учениците одговараат на подготвени прашања во согласност со содржината на песната: Пример: *Кому се обраќа лирскиот субјект? Со што се споредува момата Бисера? Каков опис дава лирскиот субјект за Бисера? Какви чувства се изразени во последните стихови од втората и третата строфа? Според дискусијата, кој е мотивот во песната?*
- Учениците работат самостојно. На наставен лист имаат извадоци од песни во кои има различна рима според бројот на слоговите од кои се составени зборовите кои се римуваат и имаат две табели: ЗСН (знам/сакам да знам/научив) и табела за новите типови рима кои треба да се изучат. Учениците имаат насока во табела ЗСН да напишат што знаат за римата како стилско изразно средство, дали е секогаш иста и дали знаат да ја поделат според некој критериум. Потоа ја пополнуваат и втората колона, односно запишуваат што уште сакаат да научат за римата. Работата ја насочуваат кон примерите, ги читаат и ги изделуваат зборовите кои се римуваат. Изделените рими ги класифицираат според тоа колку слогови имаат. Потоа секоја рима ја сместуваат во мала табела каде се поставени називите за видовите рима според бројот на слоговите: машка-еднoсложни, женска-двосложни, дактилска-трисложни, хипердактилска-повеќесложни. Сработеното се споделува во одделението и се проверува на табла. Заклучокот од часот се запишува во третата колона од ЗСН табелата.

- Учениците самостојно читаат и споредуваат песни во кои има повторувања на ист збор или повеќе зборови на почетокот или на крајот на стиховите.  Преку разговор за значањето на стиховите и функцијата на нивното повторување на почетокот, односно на крајот на стиховите, се објаснуваат стилските изразни средства анафора и епифора и нивната улога во песната.
- Учениците читаат примери за метафора и дискутираат за нивното значење: облакот прошета, сонцето раскажа приказна, шумата истече во потокот, ноќта расцути, камена душа, обоен ден, птица безгрижна. Наставникот ги наведува на анализа за видовите зборови кои ја сочинуваат метафората, согледувајќи го нивното преносно значење. Учениците активноста ја завршуваат со заклучокот дека метафората може да биде *именска (камена душа) или глаголска (ноќта расцути).*
- Учениците работат во пар, читаат расказ со фантастична содржина. При анализата на текстот ја користат техниката Табела за предвидување. Табелата содржи три колони односно три прашања: што мислите дека ќе се случи, какви докази имате за ова, што навистина се случи. Текстот се чита до некаде, се пополнуваат две колони, потоа се продолжува со читањето, па се пополнува третата колона и повторно првите две, се до крајот на расказот. Фантастичните раскази имаат локализации и објекти кои се необични, исто така и такви ликови, така што, предвидувањето и соочувањето со вистинските настани остава доза на неизвесност што е главна карактеристика на овој вид раскази. По завршувањето на читањето на расказот учениците ги запишуваат основните карактеристики кои ги согледале преку читањето: ликовите, каде, кога и што се случило. Напишаното еден го чита наглас и сите си го потврдуваат или поправаат напишаното.
- Учениците го читаат романот *Девојките на Марко* од О. Николова со претходно дадени насоки за читање: колку и кои ликови се сретнуваат, кој лик е главен и кон што цели, кој му помага и кој се противи на постигањето на неговата цел, колку време се одвиваат настаните, колку настани има, колку локации се менуваат, кои настани се најважни во текстот, што избира главниот лик да направи во најважните моменти, кои идеи од текстот можат да ги увидат преку конкретни настани и постапки од ликовите во романот. Откако учениците преку дискусија ќе се произнесат за овие прашања се поставува прашањето за тоа што е роман.
- Учениците во парови читаат извадоци од романот *Девојчето од Шестата Месечина* од Муни Вичер. Работата во парот се одвива преку техниката *Поставување прашања* при што учениците ќе можат да поставуваат фактографски прашања, прашања за претпоставување и прашања за изведување заклучок. Во секој пар учениците наизменично читаат пасус по пасус. По секој пасус учениците си поставуваат прашања за прочитаното. На крајот на активноста, учениците од секој пар ги споделуваат своите заклучоци пред сите во паралелката.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група се договара и самостојно избира текст што ќе го донесе на часот. Текстот во групата се работи според неколку барања: опишување на содржината со неколку реченици; анализа на текстот преку барање на ликовите и нивните особини, опишани или согледани од постапки, поткрепа на изнесеното со цитати; поврзување на постапките на ликовите со реалниот живот; споредба и аргументирање на ставовите преку цитати за поддршка. Секоја група го презентира сработеното пред паралелката.
- Учениците самостојно читаат избрани цитати од современи романи со фантастична содржина - *Бескрајна приказна* од М. Енде. или детективска содржина - *Тајната на жолтото куферче* од Оливера Николова. Избраните цитати ја илустрираат темата, а

учениците го бараат раскажувачот, дали е лик раскажувач, односно дали раскажувачот е во *јас* или пак во *тој* форма. Наставникот поттикнува дискусија и бара од учениците да побараат *докази* во текстот за тоа кој е раскажувачот. Дискусијата се затвора откако учениците ќе ги изнесат своите аргументи за своето тврдење и со наставникот ќе заклучат кој раскажувач е присутен во конкретниот текст.

- Учениците ја читаат дома задолжителната лектира *Александр* од Томе Арсовски. При читањето користат *Дневник со двоен запис* кој го пополнуваат според барањата да изделат цитати преку кои ќе покажат кои настани се во почетокот на драмското дејство, кои настани се заплетот, кулминацијата, перипетијата и расплетот во драмскиот текст. За секоја етапа, учениците пишуваат коментар и објаснуваат зошто мислат дека таа етапа е токму во тој дел од текстот. Учениците, исто така, го објаснуваат според сопствено читање, драмскиот конфликт. Сите овие белешки кои ги прават во самостојното читање се споделуваат на часот и се дискутира. На крајот се изготвува заклучок кој сите заеднички го запишуваат.
- Учениците разговараат за поимите комедија и трагедија. Објаснувањето на значењето се одвива преку дискусија, преку *преговарање за значењето* кое го запишуваат на таблата. Потоа читаат текстови кои припаѓаат на различни драмски видови. Се избираат примери кои ја изразуваат разликата на комедијата и трагедијата како литературни видови. Учениците дискутираат за начинот на изразувањето, темата и однесувањето на ликовите.
- Учениците се поделени во групи, секоја група добива задача да напише електронско писмо во кое се обраќа до различни субјекти: до Совет на родители, до Училишниот одбор, до Ученичката заедница, до некоја секција. Обраќањето може да биде осмислено според креативноста на учениците и во согласност со некои нивни тековни барања, потреби и интереси поврзани со нивниот училиштен живот. Секоја група пишува онака како што смета дека треба да изгледа писмо кое е формално, на тема избрана од нив. За работа се остава 15 минути, а потоа секоја група го чита текстот. Учениците од различни групи коментираат за напишаното, а наставникот тоа го менторира. На крајот на часот прават план, кој произлегува од заедничката дискусија, кој ќе им служи за натамошно пишување електронски писма.
- Учениците следат пример на таблата за тоа како се структурира молба кога треба официјално да се обратат некому (до кого, наслов, од кого, во врска со што, потпис, датум, место) Потоа добиваат задача да направат молба до Наставничкиот совет да бидат ослободени од настава поради учество на некој натпревар. Секој го споделува она што го напишал и се дискутира за успешноста на сработеното.
- Учениците имаат задача по еднаш во полугодие да направат кратко свое излагање на некоја самостојно избрана тема која треба да биде тесно поврзана со нивните интереси и преокупации: спортот кој го тренираат, одредена музика која ја слушаат, книга која им оставила впечаток, јавна личност која предизвикала кај нив интерес за некој или нешто и слично. Во говорот треба да дадат вовед, објаснување на темата која ја избрале, објаснување/наведување причини зошто го сакаат или не избраното нешто,

какви чувства им побудува, заклучок/поента на говорот. Наставникот одредува обем, односно, должина на говорот кој треба да биде презентиран.

- Учениците имаат задача да подготват говор во писмена форма на тема која им е блиска или која произлегува од изучена тема по предметот Македонски јазик, или од некој друг предмет. Темата треба да биде објаснета, фактографски илустрирана и да заокружува еден проблем. Учениците читаат пред одделението и добиваат повратна информација за прочитаното од своите соученици: дали биле јасни, дали изнеле факти/аргументи и дали го опфаќаат проблемот кој го најавуваат на почетокот.
- Учениците добиваат задача да напишат есеј. Наставникот ги поставува правилата за пишување на есејот на таблата: „Поставете хипотеза поврзана со насловот и разработете ја на следниот начин: вовед – во кој ќе привлечете внимание со проблемот за кој сакате да пишувате преку првите две реченици, а потоа претставете ја темата за која сакате да зборувате. Во главниот дел поставете неколку важни работи, а при секое изложување имајте јасна прва реченица и потоа внесете детали, примери кои одат во прилог на она што е ваша тема. Од примерите преминете на ваши идеи во врска со темата и полека одете кон заклучокот. Во последниот дел истакнете ги важните точки од веќе напишаното и завршете со реченица која е ефективна и се помни.“ Учениците ги читаат напишаните есеи и си даваат повратна информација во согласност со слушнатото и во согласност со напишаното на таблата како инструкција.
- Учениците се седнати во круг. На таблата има поставено *ѕид од зборови.* Наставникот одредува кој прв да почне. Тој што почнува треба да каже проста реченица која ќе содржи барем еден збор од ѕидот на зборови. Секој нареден ученик додава по еден збор или почнува нова проста реченица. Играта трае додека не поминат сите ученици. Потоа учениците продолжуваат да работат самостојно и да пишуваат. Првиот дел од часот кога ги користат зборовите од ѕидот им е основа за создавање на нивната приказна. При пишувањето внимаваат на композицијата на пишан текст, користат форма на текст која сами ја избираат.
- Учениците добиваат задача да направат драмски дијалози на теми кои се поврзани со училишното секојдневие. Ги читаат во пар и си даваат усна повратна информација.
- Учениците творат во стих на тема татковина/прва љубов. Користат стилски изразни средства при пишувањето. Секој ја претставува својата поетска творба. Наставникот не инсистира на рима и ритам, туку на смисла. Секој ученик го претставува стилското изразно средство кое/кои го/ги користи во својата песна. Доколку е потребно, наставникот индивидуално помага со идеи од типот кои се најубавите зборови кои би сакал да ги кажеш за својата татковина/симпатија... и во согласност со одговорите со повеќе насочувачки прашања го помага изразувањето во стих.
- Учениците се запознаваат со основите на дебатирањето преку кратка презентација: тези, аргументи, противаргументи, време на говорење. Потоа заеднички се избира тема која е актуелна за дебата во периодот, пример, дружење онлајн и дружење во живо. Два тима од по три ученика го кажуваат ставот на својот тим, вториот тим им се спротивставува. Важно е учениците да бидат поттикнати своето мислење да го прикажуваат низ аргументи. По дебатата, во која секој член од тимот има по 3 минути за свое

задолжително излагање, се прави дискусија во одделението за тоа кој тим подобро дебатирал (не дали е во право), односно, какви аргументи биле изнесени. Часот може да се повтори на различна тема повеќепати, сѐ додека не поминат сите ученици.

- Учениците творат на одредена тема. Наставникот внимава како учениците во своите состави ги употребуваат независносложените реченици и правописните правила во однос на користењето на запирката во секој од нив, едновремено внимава да нема грешки кои би се однесувале на правоговорот, или несоодветни зборови кои не се дел од македонскиот литературен јазик.

**Подрачје:** ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***
**Вкупно часови: 10**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:
1. објасни како се манипулира со медиумските содржини преку насловите;
2. провери веродостојност на текстуални и на визуелни информации во медиумските содржини;
3. креира медиумска содржина и да објаснува како одговорно се споделува.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:
1. ги објасни последиците од неодговорното споделување медиумски содржини.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Наслови и мамки за кликови** („кликбејт“) | • Наведува примери на манипулативни и наведувачки наслови.<br>• Објаснува (преку примери) како се формулираат наслови на медиумски содржини со цел да се „ловат“ кликови. |
| • **Проверка на веродостојноста на информациите и на медиумските содржини** (верификација, веродостојност, примарен извор на информација) | • Применува алатки и вештини за проверка на вистинитоста на визуелните содржини.<br>• Ги применува чекорите за проверка на веродостојноста на дадена медиумска содржина во традиционалните и во онлајн медиумите.<br>• Ги наведува чекорите за проверка на веродостојноста на содржините во медиумите.<br>• Проверува датум на објава, извор на информација, вистинитост на цитати и веродостојност на податоци/докази во медиумска содржина на интернет за да ја утврди нејзината веродостојност. |

| | |
|---|---|
| | • Определува кредибилност на изворот на информациите.<br>• Применува различни онлајн алатки за да верификува содржини на интернет. |
| • **Креирање и одговорно споделување медиумски содржини** | • Креира медиумски содржини: формулира наслови што не се манипулативни, користи кредибилни извори и веродостојни цитати и наведување точни податоци/докази.<br>• Објаснува што значи одговорно споделување информации преку социјалните мрежи.<br>• Ги наведува можните последици од неодговорно споделување информации. |

**Примери на активности**

- На учениците накратко им се презентира што значи зборот кликбејт (clickbait = замка за кликови) и за која цел најчесто се користат кликбејтови на интернет, при тоа може да го користи и видеото со наслов Кликбејт: Откривање на тактиката (https://www.youtube.com/watch?v=CjG78-WXH2I) со наслов. Потоа, учениците се делат во еднакви групи што се натпреваруваат колку повеќе кликбејтови ќе пронајдат на интернет во дадено време. Секој ученик, во рамки на својата група, може да го користи мобилниот телефон за да пронаоѓа и слика (со скриншот) кликбејтови. Секоја група подготвува видео презентација со сите собрани кликбејтови од членовите на групата, при што се внимава да нема повторување на истите (секој кликбејт да биде презентиран само еднаш). Групите добиваат 15 минути за да ја реализираат целата задача (собирање на кликбејтовите + подготовка на презентацијата). По истекот на времето, секоја група (една по друга) ги презентира „своите“, а додека трае презентацијата на таблата се запишуваат насловите на презентираните кликбејтови, преведени на јазикот на кој се одвива наставата (во случај на повторување на истите наслови, само се забележува фреквенцијата на јавување). По завршување на сите презентации, прво се прогласува групата-победничка, а потоа се отвораат неколку од идентификуваните кликбејтови за да се открие дали содржината што ќе се појави соодветствува на насловот (колку се насловите манипулативни). На крајот, во отворена дискусија учениците прво наведуваат каде на интернет ги нашле кликбејтовите, а потоа заеднички се анализираат насловите напишани на табла со цел да се открие кои од нив се наведувачки и да се објасни од кои конкретни зборови во насловот се гледа тоа.
- Учениците, поделени во групи, креираат наслови за кликбејтови за реклами што се доволно атрактивни за да привлечат кликови (користат сензационалистички или провокативни зборови). Секој наслов го пишуваат на посебно ливче. По завршување на работата сите ливчиња се ставаат на едно купче. Наставникот ги означува ливчињата со редни броеви, па ги чита едно друго. По секоја

прочитана реченица, учениците ја проценуваат на скала од 1-10 привлечноста (колкава е веројатноста дека би кликнале на линкот откако би го прочитале насловот). Откако ќе се констатира кој наслов/наслови се проценети како најпривлечни, заеднички се констатира кои зборови биле најчесто користени во понудените наслови.

- Учениците се делат во групи и секоја група добива по една од следните фотографии: (1) момче и девојка сликани од грб, (2) филмска или музичка ѕвезда, (3) превртен автомобил на автопат, (4) порција со храна, (5) тажно девојче или момче. Групите добиваат задача да измислат и накратко да опишат „приказна“ во која би ја искористиле фотографијата, а потоа да смислат и опишат како би ја измениле фотографијата (со преправање, со додавање или одземање елементи) за да придонесе луѓето да поверуваат во измислените „приказни“. Групите го презентираат сработеното една по друга и објаснуваат што сакале да постигнат со направените измени. По секоја презентација, наставникот, во договор со учениците, запишува на табла каков вид интервенција во фотографијата е понуден:
    - менување елементи во централниот лик/предмет на сликата (пр. додавање/бришење делови од облека, додавање/бришење состојка во храната)
    - замена на заднината на сликата (пр. момчето и девојката наместо на плажа се наоѓаат во училница)
    - отстранување околни елементи од сликата (пр. бришење на солзите од лицето на девојчето/момчето)
    - додавање околни елементи во сликата (пр. додавање повредено лице покрај превртениот автомобил или лице кое ужива во јадење на храната).

  По презентациите на сите групи, во отворена дискусија учениците наведуваат и други начини што во реалноста се користат за манипулација со визуелните содржини (фотографии и видео клипови) и со која цел се прави тоа. Потоа истите групи ученици добиваат по една различна манипулирана фотографија (пр. оние дадени на стр. 190-193 или 202 од Прирачник за обучувачи за медиумска писменост „Учиме да распознаваме“ https://www.irex.org/sites/default/files/Learn%20to%20Discern%20Trainers%20Manual%20%E2%80%93%20N.%20Macedonia%20YouThink.pdf ) со задача да ја анализираат и да откријат елементи кои укажуваат дека фотографијата не е веродостојна, користејќи го искуството од претходната активност кога тие интервенираа во сликите. По презентацијата на сработеното од страна на групите, од учениците (индивидуално) се бара да наведат други примери на манипулирани визуелни содржини (фотографии и видео клипови) со кои се сретнале во реалноста.

- Учениците, поделени во групи, ги добиваат истите манипулирани фотографии на кои работеа во претходната активност со задача ја проверат нивната веродостојност, при што наставникот ги презентира алатките една по друга, а по секоја презентација учениците ја применуваат алатката на истите фотографии. Наставникот им ги презентира следните алатки за проверка на веродостојноста на

визуелните содржини што се достапни на интернет (објаснети на стр. 203-205 од Прирачникот за обучувачи за медиумска писменост „Учиме да распознаваме“:):

- Search Google for image, TinEye или Yandex – за обратно пребарување слики,
- Forensically (https://29a.ch/photo-forensics/#forensic-magnifier) на кој има опции за:
  1. Clone detection – за откривање на додадените елементи,
  2. Error level analysis – за откривање на сегментите од што се разликуваат по квалитет,
  3. MetaData – за уврдување кога е направена фотографијата и на кои датуми е едитирана,
  4. GeoTags – за откривање на точните координати на местото каде што е креирана основата на сликата.

По примената на секоја алатка, учениците ги споделуваат сознанијата и ги опишуваат искуствата. На крајот, се дискутира за тоа како може и самите да ја проверат веродостојноста на некоја визуелна содржина без користење на алатките за да се заклучи дека манипулацијата со сликата може да се забележи преку: (а) проверка на деталите и перспективата (несоодветни сенки, несогласување на перспективата, или несоодветна осветленост), (б) проверка на усогласеноста на квалитетот на сите елементи во сликата (аномалии во светлината, јасноста на некои делови), (в) анализа на **контекстот** (дали времето, местото и околината прикажани на сликата соодветствува на контекстот во кој е споделена сликата).

- Учениците се делат во шест групи да работат на заеднички проект. Секоја група работи на еден од следните чекори за проверка на веродостојноста на медиумска содржина:

  1. проверка на кредибилноста на изворот на содржината (дали авторот е познат и компетентен, односно дали медиумот има репутација дека објавува вистинити или лажни информации, дали медиумот има посебен дел за нас/контакт/импресум);
  2. проверка дали информациите се потврдени и од други независни извори;
  3. **анализа на контекстот на содржината (**дали наведените цитати, извори на информации, датуми, и другите релевантни информации се поврзани, логични и проверливи);
  4. **проверка на веродостојноста на вклучените визуелни содржини (дали фотографијата соодветствува со содржината);**
  5. проверете дали информациите (сите или дел од нив) се веќе претходно објавени во друг контекст (кога и каде се објавени);
  6. проверка дали информациите се проверени од веб-страницитеза проверка на факти (домашен или странски проверувач на факти).

Нивна задача е да истражуваат за „својот“ чекор за да подготват: (а) видео презентација со која ќе објаснат како се реализира тој конкретен чекор и (б) пример на лажна вест (со текст и фотографија или видео клип) што ќе им го зададат на другите групи за да го применат тој чекор (во координација со наставникот). По завршување на задачата, групата која работела на првиот чекор го

објаснува „својот“ чекор, по што другите групи го користат примерот за да го применат презентираниот чекор. Истата постапка се повторува за секој чекор, според горенаведениот редослед на чекорите. По завршувањето на работата на сите чекори, прво на табла се резимира редоследот на чекорите, а потоа, преку отворена дискусија се заклучува дека примената на почетните чекори е поедноставна, но не секогаш помага да се разоткрие лажноста на медиумската содржина што се проверува, но затоа пак преостанатите чекори, доколку се доследно применети, би требало да покажат дали содржината е веродостојна или лажна. Препорачливо е активноста да се подели во најмалку два часа – едниот час да заврши со подготовка на презентацијата и примерот, а на другите часови да се презентира објаснението и да се користат примерите за примена на чекорите.

- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да подготват кус напис (500-600 збора), како за електронски училиштен весник, на една од следните теми што ќе ја извлечат: (1) Животот на животните во зоолошка градина, (2) Почитување на прописите за вакцинација на децата, (3) Пораст на врсничкото насилство во средните училишта, (4) Топење на мразот во поларните предели и климатските промени во светот и (5) Практикување родовата рамноправност во семејството. Секоја група треба: (а) да формулира наслов за „својот“ напис што е привлечен, но не е манипулативен, (б) да користи точни податоци од кредибилни извори при пишување на текстот и (в) да вклучи веродостојни цитати во текстот. Групите го пишуваат „својот“ текст на компјутер (по можност со поддршка на соодветни илустрации), а по завршување на задачата, го читаат и визуелно го презентираат пред другите. По презентацијата текстовите се споделуваат по вибер и/или се објавуваат на фејсбук. Препорачливо е активноста да се реализира во два часа – едниот час да заврши со подготовка на написите, а на другиот час да се презентираат и споделуваат.
- Учениците, поделени во групи, работат на истите теми од претходната активност, но со поинаква задача – наместо текстот што претходно го подготвија да смислат нов кој ќе биде напишан на начин кој заплашува, напаѓа, навредува, омаловажува, или нанесува друг вид штета на некое измислено лице или на некоја измислена фирма/институција/организација. При тоа, текстот треба да биде покус (200-300 збора) и да има сензационалистички наслов. Групите го пишуваат „својот“ текст на компјутер, а по завршување на задачата, го читаат и визуелно го презентираат пред другите. На крајот се води отворена дискусија по прашањата: (1) *Кои би биле последиците по лицето/фирмата доколку напишаните текстови се споделат преку социјалните мрежи?* и (2) *Што значи одговорно споделување информации преку социјалните мрежи?*, за да се заклучи дека секое споделување информации кои се креирани за да наштетат (без оглед на тоа кој ги креирал) е неодговорно, како што е неодговорно и споделувањето туѓи информации без проверка на нивната веродостојност.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениициte да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- есејските прашања;
- изготвувањето постери;

- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- рефлексивните дневници;
- истражувачките задачи и активности при кои ученикот врши: собирење податоци, евидентирање, претставување резултати – наративно или со табели, дијаграми, графици и нивно презентирање;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.);
- писмените извештаи со податоци од спроведени истражувања.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана оценка на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за VIII одделение.** | бр. 12-12084/9<br>12.9.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>_____________________________ |